# Пијанец и Малеш
# пат кон убавина и здравје



Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

NATURE CONSERVATION PROGRAMME

# ВОВЕД

**Богатството од разновидно природно и културно наследство во општините Делчево и Пехчево, како и желбата истите да се промовираат во функција на туризмот е главната цел на оваа кратка брошура. Истата е дел од проектот:„Одржливо управување со природните ресурси во микро регионот Пијанец-Малеш" За таа цел во наредниот текст накратко ќе бидат презентирани основните карактеристики на двете општини и најзначајните туристички локалитети во нив, посебно од делот на природното наследство. Се надеваме дека истите ќе ве примамат да ги посетите и да го почуствувате волшебството на овој преубав и чист предел во централниот дел на Балканскиот Полуостров.**

**Општина Делчево** се наоѓа во крајниот источен дел на Република Македонија, на границата со Бугарија. Зафаќа вкупна површина од 423 km2, на која живеат 17 500 жители. Општината има 22 населени места и тоа: градот Делчево и селата: Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово (Делчевско), Град (Делчевско), Драмче, Ѕвегор, Илиово, Киселица, Косово Дабје, Нов Истевник, Очипала, Полето, Разловци, Селник, Стамер, Стар Истевник, Трабогивиште, Турија и Чифлик (Делчевско). Градот го носи името на гордоста на македонскиот народ - Гоце Делчев и во него живеат 11 500 жители. Во минатото општината била позната и под името Царево Село.

Иако оддалечена од главниот град Скопје, општина Делчево има релатив-но добра географска положба и сообраќајна поврзаност. Тоа е крстосница за источниот дел на Македонија. Преку Пехчево (27 km) и Берово (34 km) е поврзано со Струмица на југ, а преку Македонска Каменица (22 km) и Кочани (48 km) е поврзано со Штип на северозапад. На запад се наоѓа Виница, а граничниот премин кон Бугарија „Арнаутски гроб" е на исток, оддалечен 11 km. Сите рурални населби и рекреативниот центар Голак, со градот се поврза-ни со асфалтни патишта од регионален и локален тип, додека, пак, до гранич-ниот премин е изграден современ магистрален пат. Најоддалечено населено место од општинскиот центар е историското село Разловци (17,5 km).

Релјефно, општината Делчево е сместена во Пијанечката Котлина, помеѓу планината Голак (1536 m) на запад, ограноци на Влаина на исток, Осоговски Планини на север и малата планина Бејаз Тепе (1348 m) на југ. Низ средишниот дел на општината, од југ кон север тече главната водна артерија на областа, реката Брегалница. Нејзината долина, по излезот од Разловечката Клисура, до Очипалската Клисура е проширена, со зарамнето и плодно долинско дно, каде се оформиле најголем број од населбите и самиот град Делчево. На делот низ Пијанец, односно на територијата на општина Делчево, Брегалница има бројни кратки притоки кои се спуштаат од околните планини. Некои од нив се длабоко всечени, со клисурест изглед и мали, но атрактивни кањонски делови. Според тоа, релјефот на општината е „разигран", во централниот дел зарамнет, а кон периферијата ридест до планински. На неколку места се јавуваат мали карстни области со 2 интересни пештери во варовници. Климата е континентална, со релативно студени зими и топли лета. Просечната годишна температура изнесува од 10,8°C во градот Делчево до 6-7°C на повисоките планински делови, додека врнежите се движат од 600 mm во градот до 850 mm на највисоките подрачја. Освен Брегалница како главна река, во општината значајни се и нејзините притоки: Желевица, Лошана, Петрашевец, Граштица, Ѕвегорска, Габровска Река и др., сите со дол-жина од 8-20 km. Покрај реките, има неколку мали вештачки езера: Лошана, Петрашевец, Сандан-



ски, како и крајниот југоисточен дел од големата акуму-лација Калиманци. Истите се користат главно за наводнување, за риболов, а во последно време и за туристички цели. Вегетацијата е доста разновидна, со присуство на листопадни, иглолисни и мешани шуми, бројни лековити и ен-демични растенија, габи и др. Животинскиот свет е присутен со бројни видови на рбетници (риби, водоземци, влечуги, птици и цицачи) и безрбетници, карактеристични за овие географски широчини.

Општината Делчево, со богатото природно и културно-историско налед-ство, со села со зачувана сел-ска архитектура, старите обичаи и манифестации, во последните години прави исклучителни чекори на полето на туризмот. Ценејќи дека оваа гранка има реални потенцијали за развој иможе да биде ед-на од носечките во локланиот економски развој, се вложува значителен напор за зголемување на



туристичката понуда.Во оваа насока, во изминатите години интензивно се работи на развој на туристичка населба Голак, до каде е изгра-ден нов асфалтен пат и нови содржини како што се планинска велосипедска патека, едукативни патеки за деца, патека на биодиверзитетот и др. Воедно се планира изградба на зимски рекреативен центар со нови ски- патеки и ски-лифтови на самата планина. Во 2014 година е изработен и усвоен Стратешки план за локален економски развој, каде се дефинирани потребите, но и вредностите на локалната заедница, а во него туризмот има значајно место.

Покрај стратешките документи и студиите, кои ги даваат основните предуслови за развој на туризмот, Општината презема и конкретни активности во делот на промоција на Делчево како интересно место за посета. Во изминатиот период се истражени бројни археолошки локалитети на територијата на општината и пронајдените предмети се валоризирани и формирана е археолошко-етнолошката збирка сместена во Спомен- домот „АСНОМ".

Во 2007 година пошироката јавност беше фасцинирана од откритието на фосилни остатоци од жирафа, мастодонт, антилопа и сл. стари од 3 до 10 милиони години, во с. Стамер кај Делчево. Научници од Македонија, Франција и Бугарија планираат да работат на истражување на овој палеонтолошки локалитет кој во иднина ќе биде туристичка атракција. Истата година имаше уште едно значајно откритие: погребната обредна бронзена кочија, пронајдена во локалитетот Могила во с. Очипала кај Делчево, оценет како локалитет од исклучително значење за македонската археологија. Тоа ја смести општината на насловните страни на дневните весници и на ударните вести на националните телевизии. Тргнувајќи од сите овие открития,но и од сознанијата дека тука лежи уште поголемо културно и природно наследство, локалната власт во градот Делчево отвори локален музеј „Пијанец". Во него ќе бидат изложени пронајдените значајни предмети и други артефакти кои потекнуваат од Пијанец, достапни за сите заинтересирани посетители.

Значајна атракција која побудува голем интерес е народниот вековен обичај под маски „Сурва", кој и ден-денес автентично се чува во пограничното село Ѕвегор. Ова живо наследство е традиција која со низа обредни игри се одржува на првиот ден од Стара Нова Година, Василица. Во близина на селото е познатиот локалитет „Илин Камен" – карпа за која се врзани бројни пре-данија и верувања. Пиајнечкиот идентитет црпен од старите времиња верно го чуваат во своите настапи играорците од најстарата фолклорна група „Копачката" која е бисер на пијанечкиот и воопшто на македонскиот фолклор. Членовите на групата го не-



гуваат изворното народно оро КОПАЧКА, што потекнува од с.Драмче. Истото, не само што е прогласено за национално културно богатство, туку од страна на УНЕСКО е заштитено како светско културно наследство.

Значајно место во културните настани, вредни за посета на туристите е и меѓународната манифестација „Голачки фолклорни средби", која се одржува секоја година на 8 август, спроти верскиот празник Св.Пантелејмон, на планината Голак, поточно на највисокиот врв „Чавка". Оваа ноќ, под отвореното небо со ѕвезди, се собираат илјадници жители од целиот регион покрај манастирот Св.Пантелејмон за кого се верува дека има исцелителна моќ. Во делот на манифестации, централно место во Делчево се завршните денови на културната маѓународна манифестација „Гоцеви Денови" во чест на револуционерот Гоце Делчев, чие име го носи градот. Треба да се споменат и селото Разловци кое чува спомени од познатото Разловечко востание, село Град со околните остатоци од средновековни тврдини и бројни други места во делчевско интересни за посета.



**Општината Пехчево** се наоѓа јужно од Делчево, во крајниот источен дел на државата, покрај самата граница со Бугарија. Всушност најисточната точка на општината кај врвот Ченгино Кале (1745 m) е најисточна точка и на Република Македонија. Инаку, општината Пехчево е сместена помеѓу Беровската (Малеш) и Делчевска Котлина (Пијанец), на надморска височина од околу 700 до 1932 m. Административно граничи со општината Берово на југ и општината Делчево на север, а на исток со општината Симитли во Бугарија. Општината ја сочинуваат вкупно 7 населени места, градот Пехчево и 6 селски населби (Панчарево, Црник, Негрево, Умлена, Чифлик и Робово) во кои живеат над 5000 жители (од кои 3200 жители во градот Пехчево). Комуникациски е добро поврзано со регионални патишта кон Делчево, Берово и Виница (Кочани), а оддалеченоста од Скопје изнесува 170 km или 2,5 часа возење. Исто така, асфалтни патишта има до секое село во општината, потоа до туристичкиот локалитет Равна Река и други локалитети. Вкупната патна мрежа во општината Пехчево изнесува над 150 km.

Во однос на природните карактеристики, без оглед на малата површина, општината Пехчево е доста интересна и разновидна. Во геолошки поглед овој простор е изграден од карпи со различна старост и тоа од најстари прекамбиумски карпи (гнајсеви), преку помлади палеозојски карпи

(шкрилци, гранити), до најмлади седименти. Релјефно, општината е отворена широко кон север (делчевско) и југ (беровско), а на исток и запад се издигаат средновисоки планини и тоа Влаина (1932 m) и Малешевски Планини (1803 m) на исток и малата планина Бејаз Тепе (1348 m) на запад. Планините имаат заоблени врвови и била, но доста стрмни страни. Покрај планините, за овој простор е карактеристична долината на реката Брегалница која е длабоко всечена помеѓу Влаина и Малешевски Планини. Како резултат на силното всекување на Брегалница и нејзините притоки во шкрилците и гнајсевите, долж речните корита се создадени бројни брзаци, мали слапови и водопади високи до 14 m. Водопадите се мали, но атрактивни и привлекуваат се повеќе туристи, посебно откако се уредени со патокази, клупи и пристапни патеки. Атрактивни релјефни форми во општината Пехчево се изградени со долготрајна ерозија во седиментните карпи и акумулација на нанос. Такви се бројните интересни и уникатни форми во вид на долови, мелови и земјани пирамиди. Особено се интересни меловите во долината на Црничка Река на чии страни има помали земјени пирамиди кои се привлечни за фотографирање и набљудување. На 7 km источно од Пехчево, во пазувите на Буковик и врвот Орловец, се наоѓа карактеристична карпа кај народот позната како „Вртена скала", за која има разни верувања и легенди.

Климата на општина Пехчево е континентална со умерено топли лета и студени зими. Преку лето климата е доста пријатна, често и свежа особено во шумските планински подрачја. Како резултат на присојните (јужни) експозиции, осончувањето изнесува околу 2450 часа годишно. Температурите се движат од -25°C во зимскиот период до преку 30°C во месеците јули и август, меѓутоа поради височината, околните планини и шуми, многу ретко надминуваат 35°C. Врнежите изнесуваат околу 600-700 mm годишно и главно паѓаат во месеците мај и ноември. Во зимскиот дел од годината тие се во вид на снег, особено во повисоките планински подрачја. Воздухот е доста чист, свеж, а во шумските делови има голема концентрација на кислород, поради што делува терапевтски како „воздушна бања".

На подрачјето на општината Пехчево има десетици слаби, но студени слабоминерални извори. Дел од нив се зафатени за чешми и за водоснабдување. Речната мрежа се состои од околу 100-тина водотеци со



вкупна должина е 540 km, главно периодични или повремени и со пороен карактер. Најдолги водотеци на подрачјето од општината се: Брегалница, Желевица, Пехчевска Река, Панчаревска Река и други. На подрачјето на општината нема езера, освен поголеми локви во највисоките делови на Малешевските Планини во близина на Ченгино Кале како и Барскиот екосистем на периферијата на Пехчево, кој е уреден за едукативни и туристички цели.

Вегетациски, најголем дел од општината Пехчево е покриен со листопадни, иглолисни и мешани шуми. Во изворишниот дел на Брегалница се застапени густи природни комплекси на букови, борови и елови шуми, што е реткост за источниот дел на Македонија. Покрај шумите, голема површина зафаќаат пасиштата, а се јавуваат и повеќе раритетни растенија како што е „муволовка" (Drosera Rotundifolia) која ги „зграбува" инсектите што ќе застанат на нејзиниот цвет. Во овој простор има повеќе лековити растенија и печурки кои ги користат локалните жители. Животинскиот свет е доста разновиден особено во густите шумски подрачја, каде се јавува крупна дивеч, ситни цицачи, разни птици и др.

Покрај интересните природни карактеристики, општината Пехчево е примамлива по архаичните селски населби, обичаите и начинот на живот во нив, како и по бројните манифестации.

Самото гратче Пехчево е доста живописно и со долга историја. Со своите 1000 m, тоа е втор највисок град во Македонија, веднаш по Крушево (1220 m). Постанокот на Пехчево според народните преданија и расположливите пишувани документи е поврзан со доаѓањето на Турците на Балканскиот Полуостров. За постоењето на оваа старата населба зборуваат и многуте имиња и темелите на старата римска населба во која се топела рудата од околните рудници. Според жителите на Пехчево токму по тие печки населбата го добила името.Податоците за овој крај велат дека градот според занимањата на жителите бил поделен на три маала. Во маалото Катеринци, најгоре во близина на пасиштата, живееле сточари. За да се дојдело до тоа маало, луѓето морале да се "катарат" или искачат. Во Горно маало живееле трговците и занаетчиите, а долномаалци биле земјоделци и градинари.

Развојот на туризмот и угостителството во последно време го има главното место во подемот на општината Пехчево. Како туристичка населба се издвојува „Равна Река" во чија близина се наоѓаат надалеку познатите „Пехчевски водопади",(Спиковски водопади, Црндолски водопад, Скокотот и Водопад на Љутачка река), „Чабуковски водопади", и водопадот „Дебел рид". Во близина се наоѓа и шумскиот парк „Скокото" со истоимениот водопад. Овде се изградени два мотели кои располагаат со сопствени рибници во кои се одгледува калифорниска пастрмка. Овој локалитет располага и со приватни вили за сместување, спортско игралиште за фудбал и кошарка, базен во рамките на мотелот, место за пикник (летниковци), патеки за велосипеди и пешачки патеки. На територијата на Малешевијата има маркирано голем број на пешачки патеки. Дел од пешачките патеки може да



се искористат и за планински велосипедизам. Доколку немате сопствен велосипед, може да изнајмите во хотелот „Гогов“ во Пехчево. Можеби најинтересна патека е онаа која ги поврзува најјужниот и најсеверниот дел на Малешевијата со вкупна должина 45 km, денивелација од 730 m и време на минување од 12 часа. Заради должината и трансверзалниот карактер на патеката, препорачливо е користење на локални водичи. Густите шуми испреплетени со патеки ќе ве однесат до Раковец, каде што се наоѓала старата римска рударска населба. Во средновековието населбата била важен стопански и административен центар. Се верува дека во близина на Пехчево се наоѓаат темелите на средновековниот книжевен центар Равен, каде што браќата Кирил и Методиј ја создале глаголицата, најстарото писмо на Словените. Во самиот град Пехчево, во чест на празникот Павловден, традиционално се организира „Фестивалот на дувачки оркестри“ кој има за цел да ја промовира традиционалната музика и на дувачките оркестри да им овозможи поголема афирмација. Од година во година, оваа манифестација станува с помасовна со гости и посетители од Македонија, но и од странство и полека, но сигурно прераснува во една од најголемите од таков вид во Македонија. Заради зголемување на туристичката посетеност, неодамна во градот е отворен современ хотел-ресторан „Гогов“, кој со апартманскиот дел има капацитет од 80 легла. Одличната услуга, традиционалната храна, уреденоста и примамливите цени се причина повеќе да се посети овој хотел во центарот на градот и подобро да се запознае Пехчево и околината. На располагање на посетителите е и Едукативниот центар за зачувување на природата во село Негрево и Барскиот екосистем, во чија близина е и адреналинската патека која е една од ретките во нашата република.

Сето наведено укажува дека на така мала површина што ја има општината Пехчево, има вистинско богатство од атрактивни природни и културно историски објекти. Во последно време овие убавини стануваат достапни за туристите преку подобро уредување, изградба на сместувачки капацитети, поголема промоција и воопшто сите напори што ги прават општинските структури. Затоа, одвојте од вашето време и посетете ги прекрасните подрачја и убавини во пехчевско од кои ќе се вратите навистина восхитени.



# КРАТОК ПРИКАЗ НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКТИВНОСТИ И ЛОКАЛИТЕТИ

**Во брошурата накратко се претставени 21 локалитет во општините Делчево и Пехчево. Истите се претежно од областа на природното наследство, а покрај објаснување, секој локалитет е проследен и со фотографија. Секако, на овој простор има многу повеќе места и настани да се видат, но оставаме на вас самите да ги откриете.**

За почеток, запознајте се со следните уникатни места:

1. „Кукуље“- с.Иствник;
2. „Кукуље“- с.Трaботивиште;
3. „Мелови“- кај с.Црник;
4. „Коњска дупка“ (пештера кај село Град);
5. Киселичка Пештера-с.Киселица;
6. „Илин Камен“- с.Ѕвегор;
7. „Вртена скала“;
8. „Пехчевски водопади“ (Спиковски водопади, Црндолски водопад, Скокотот и Водопад на Љутачка река);
9. Езеро „Сандански“;
10. Езеро „Лошана“ во близина на Делчево;
11. Барски екосистем „Езерце“;
12. „Јудови Ливади“;
13. Патеката на биодиверзитетот во Делчево;
14. Рекреативна велосипедска патека „Илин Камен“;
15. Патека на билките на планината Голак;
16. Велосипедска патека на планината Голак;
17. Патеката на Петко на планина Голак;
18. Патеката на Петко и шумските жители – Пехчевска авантура;
19. Едукативен центар за зачувување на природата во Брегалничкиот регион во село Негрево – Пехчево;
20. Велосипедска патека „Убавините на Пехчево на велосипед“;
21. Археолошки локалитет Св.Петка-Пехчево

**„Кукуље“** кај с.Нов Истевник е уникатна релјефна појава на падините на ниската планина Бејаз Тепе, речиси на половина пат помеѓу Делчево и Пехчево. До локалитетот се доаѓа преку регионалниот пат Делчево-Берово, при што кај с. Нов Истевник се исклучува од главниот пат и по тесен асфалтен пат се стигнува до самото село. Потоа, по пешачка патека се искачува околу 1,5 km кон југ, до надморска висо-



чина од 880 m.Така се доаѓа до импозантен ерозивен отсек длабок 60-тина метри, со карактеристични форми на камени кукли по страните. Овде, на должина од околу 200 m се создадени 50-тина земјени пирамиди со височина до 15 m. Дел од нив се сосема одвоени и наликуваат на човечки фигури – скаменети кукли, па оттука и името на појавата. Дел од нив, пак, се поврзани во вид на природни бедеми, куполи и „тврдини“.

За настанувањето на кукуљето има бројни легенди, прикази и верувања, кои најчесто велат дека станува збор за скаменети сватови или свадбари кои направиле нечесна работа. Сепак, науката укажува



дека куклите се природна појава, настаната со вековна ерозија на трошните седиментни карпи, при што заостанале само поцврстите делови. Поради разновидноста на формите, димензиите, колоритот, околната густа шума и чистиот воздух, секој што ќе го посети „Кукуље", останува восхитен и посакува да дојде повторно. Неодамна, локалитетот е делумно уреден и заграден од безбедносни причини, па слободно може да се ужива во нив, да се фотографираат и набљудуваат куклите стари стотици години. Воедно, може барем на кратко да се одморите на поставените клупи и да ја почуствувате недопрената природа.

**„Кукуље"** кај с.Тработивиштее уште една интересна појава на земјени пирамиди (камени кукли) во областа, штосе наоѓа на 3 km југозападно од с.Тработивиште. До нив се доаѓа преку локалниот асфалтен пат од с.Тработивиште до с.Разловци. Пред с.Разловци се скршнува кон запад, по земјен пат, во правец на акумулацијата Лошана. Потоа се искачува на ридесто возвишение, на надморска височина од околу 850 m, од каде се здогледуваат кукуљето. Тоа е една природна композиција на скаменети „сватови", односно геоморфолошки форми настанати со повеќевековна ерозија.

Јасно може да се видат околу 20-тина „кукли" високи по неколку метри, со жолтеникаво-сивкаста боја од седиментните слоеви од кои се изградени. Со текот на времето, постарите „кукли" ерозијата ги уништува, но покрај нив постепено се создаваат нови, уште поинтересни. Легендата, пак, вели дека некоја свадбена поворка на својот пат била пресретната од Господ, кој им се обратил за помош и побарал од нив малку храна и вода. Но сватовите го одбиле и понижиле, по што Господ за казна ги скаменил за век и векови. Сватовите му фрлиле камен, а Господ им рекол „камења да се сторите". Како и да е, освен што ќе ве фасцинираат мистериозните камени форми, од овде ќе уживате со погледот кон Пијанец и долината на Брегалница.

**„Мелови"** кај с.Црник се многу интересни геоморфолошки форми со амфитеатрален изглед кој кон подножјето се стеснува, така што наликуваат на пресечена инка.Станува збор за 10-тина „мелови" кои се наоѓаат на околу 1 km односно 15 минути одење спротиводно (југоисточно) по Црничка Река, над с.Црник. Бедленд „меловите" имаат значителна височина на ерозивниот отсек до 80 m, а пречникот им е до 300 m. Тоа, на некои отсеци им дава импресивен изглед, а движењето и набљудувањето покрај



работ на отсекот е возбудливо и полно со адреналин. Меловите се хоризонтално слоевити, изградени во неотпорни седимен¬т¬ни карпи (песоци, песочници, глини), наталожени во некогашното Пијанечко Езеро кое постоело до пред милион години. Затоа и боите на отсеците варираат од сив¬ка¬ста, жолтеникава, црвеникава до кафеава. Страните се интересни и по длабоките бразди, долчиња, ендеци и мали земјени пирамиди.

Во однос на постанокот, меловите се формирале со претерана, вековна дождовна ерозија на оголени, слабо отпорни седиментни слоеви. Во тој процес, своја улога имал и човекот, кој во минатото уништил добар дел од природната вегетација на овој простор. Покрај во фасцинантните мелови, овде може да уживате во чистиот воздух, убавината на селото Црник и во љубезноста на локалното население.

**„Коњска Дупка"** е кратка пештера што се наоѓа кај с.Град, 7 km југоисточно од Делчево. Според досегашните сознанија, таа е најисточната пештера во Република Македонија. Создадена е во варовнички карпи кои се појавуваат на мала површина веднаш покрај селото Град. Влезот се наоѓа во стрмните карпи на левата долинска страна на Вачин Дол и е пристапен по делумно обезбедена патека. Самиот влез е широк, а таков е и почетниот внатрешен дел кој претставува мала пештерска сала, долга 12 m и широка околу 3-4 m. На крајот од салата, на левата (северна) страна, речиси вертикално се искачува еден канал со должина од 8 m. Истиот излегува на површината, поточно на едно зарамнување десетина метри над влезот во пештерата, но е многу тесен и непрооден.

Сиромашна е со пештерски накит, меѓутоа пронајдени се археолошки траги од некогашно човечко присуство. Покрај тоа, присутни се пештерски инсекти и неколку лилјаци од видот тробоен ноќник. Без оглед на малата должина од само 28 m, пештерата Коњска Дупка и целиот простор околу неа се многу интересни. Посебно е восхитувачки погледот од влезот на пештерата кон стрмните карпи во долината на Вачин Дол и кон селото Град.

**„Киселичка Пештера"** е уште еден природен уникат на Пијанец и со своите 108 m должина, претставува најдолга пештера во овој краен источен дел на Република Македонија. Се наоѓа на7 km северозападно од Делчево, во атарот на селото Киселица. До пештерата се стигнува преку асфалтен пат до селото, а по-





тоа уште 700 m на север по добар земјен пат, сѐ до еден поток кој се влева во Селничка Река. Покрај потокот води патека, по која се доаѓа под варовничкиот блок во кој е формирана пештерата. Тука, може да се забележат двата влезни дела преку кои се влегува во подземниот лавиринт од пештерски канали.

Поголемиот или горен влез е во стрмен карпест отсек, на височина од 5 m над пристапната патека, односно на 770 m надморска височина. Овој влез, кон внатре се проширува во мала пештерска сала, од која продолжуваат повеќе тесни канали. Помалиот, долен влезен дел, се наоѓа на 15 m десно (југозападно) и 4 m пониско од горниот влез и се состои од два отвори во ниво високи околу 1 m. Преку тесни, но проодни канали, горниот и долниот дел на пештерата се составуваат, така што ако се влезе низ долниот, може да се излезе кај горниот влез. На дното од каналите и проширувањата има глинест материјал, а по страните се среќаваат пештерски украси, посебено калцитски сливови со беличеста боја. Во пештерата има разни интересни инсекти, а може да се забележат и лилјаци од загрозениот вид голем потковичар (Rhinolophus ferrumequinum). Ако налетате, пак, на некој локален жител, ќе чуете интересни легенди и верувања за Киселичка Пештера и нејзините „тајни“.

**„Илин Камен“** е локалитет кај с. Ѕвегор, на левата (северна) страна од патот кон Бугарија, на околу 200 m оддалеченост од патот. Тоа е карпест блок висок околу 2 m, со мал отвор во средишниот дел настанат со ерозија.



Според легендите, во времето на Османлиите во близина живеела некоја убава девојка Илина, која посакала да се скамени само да не ја грабнат тираните. Така настанал Илин Камен. Поради верувањата во моќта на каменот, овде доаѓаат многу неротки кои се протнуваат низ отворот во карпата.Освен легендите за ова место, секој занемува и од прекрасната недопрена природа која го краси овој простор. Така, веднаш под патот кај Илин Камен е манастирот„Св. Илија" со прекрасна околина покрај Ѕвегорска Река, а во околината има повеќе археолошки остатоци. Самиот локалитет „Илин Камен" е уреден за посета и располага со одличен панорамски видик.

**„Вртена Скала"** е карпеста форма со впечатлив изглед, висока околу 5 m. Се наоѓа 4 km источно од Пехчево, во пазувите на Буковик, на десната долинска страна на Пехчевска Река. Низ средишниот дел на карпата има тесен отвор, долг околу 2 m. Кај месното население постои верување дека протнувањето низ карпата им помага на жените кои немаат деца да добијат пород, а на малите деца им помага од несоница и немир.



Протнувањето се изведува со посебен ритуал. Обично се избира човек кој ја води жената кај вртената скала, во присуство на нејзиниот маж и други блиски роднини. Тој човек помага на жената да се протне низ отворот на скалата од едниот до другиот крај. Потоа до карпата се остават дарови и пари. Тука, на лице место, жената го дарува човекот што помагал. На тој начин тој човек станува побратим на жената и секоја година на тој ден жената со фамилијата оди на гости кај побратимот со дарови и јадења. Ова верување е распространето не само во Малешевијата туку и пошироко во Пијанец и Кочанско. Заради интересот за посета, до Вртена Скала води обележана патека, а просторот околу карпата е уреден и обезбеден.

**„Пехчевски Водопади"**, се наоѓаат на десетина километри југоисточно од Пехчево, во горниот, изворишен дел на реката Брегалница. Реката овде е длабоко всечена помеѓу планината Влаина на север и Малешевски Планини на југ, така што на некои места има кањонест изглед. Токму тука се создале 5 поголеми водопади и бројни каскади на Брегалница и нејзините притоки, каде чистата и студена



вода весело жуборејќи го пренесува зборот за убавините на Малешевијата. До водопадите се доаѓа по локалниот асфалтен пат од Пехчево до туристичката населба „Равна Река".Следејќи ја долината, прв е Спиковски водопад на Спиковска Река, десната притока на Брегалница. Кон водопадот висок 8 m, води добро уредна пешачка патека долга 500 m, со поставени летниковци и клупи за одмор. Потоа следува Црндолски водопад на истоимената притока на Брегалница, висок околу 5 m. Уредната пешачка патека што води до овој водопад е долга околу 400 m, со многу летниковци и места за одмор на посетителите и е доста погодна за пешачење.

**„Скокото"** е третиот водопад кој се наоѓа на самата река Брегалница веднаш по спојувањето на Љутачка и Ж'тачка Река. Водопадот е висок околу 7 m и располага со големо количество вода. До самото место води уредена пешачка патека со должина од околу 1500 m. Водопадот на Љутачка река е четвртиот по ред, со височина од околу 10 m. По патот до него има поставено клупи за одмор. Петтиот и последен поголем водопад е Ж'тачки водопад на истоимениот поток, кој со своите 14 m е највисок. Иако долго време не била позната нивната атрактивност, тие денес се достапни за вљубениците во природата и за туристите. Сите водопади изобилуваат со планинска убавина. Водопадите се пристапни, означени со добра сигнализација и инфо-табли. Целиот простор е убаво уреден, во прекрасна планинска област со густи шуми и чист воздух.

**Езерото „Сандански"** е мало вештачко езерце кое се наоѓа 3 km јужно од Делчево, непосредно до реката Брегалница и до регионалниот пат за Берово. Има неправилна елипсеста форма со најголема должина од 205 m, широчина од 145 m и површина од 2 хектари. Бреговата линија му е многу разгранета и долга дури 1100 m, со 2 мали острови и полуострови, како и неколкузаливи кои се многу атрактивни. Просечната длабочина на езерото е околу 2-3 m, а максималната е 12 m. Со вода се храни од неколку извори. Чистата вода овозможила да биде порибено со крап, лињак, клен, амур, бојник,



белвица и мрена. Поради тоа, најчесто доаѓаат делчевските риболовци, меѓутоа и риболовци и други посетители од разни делови на Македонија, па и од странство. Околината на езерото е одлично уредена, со маси, клупи за одмор, патеки, дрвени мовчиња и мала зоолошка градина во која има припитомени срни, потоа пауни, ноеви, биволи, патки, коњи и други животни. Сето наведено го прави езерото Сандански одлично место за посета, пикник, релаксација и уживање.

**Езерото „Лошана“** е мала вештачка акумулација на источните падини на Голак, 10 km јужно од Делчево и 5 km југозападно од селото Тработивиште. До езерцето се доаѓа по асфалтниот пат од с. Тработивиште



кон с.Разловци, при што на 2 km по с.Тработивиште се исклучува кон десно (запад) по солиден макадамски пат. Самото езеро е на 820 m надморска височина. Долго е 750 m, широко до 250 m, а најголемата длабочина му изнесува 35 m. Формирано е со преградување на реката Лошана со камено-насипна брана, а водата е наменета главно за наводнување. Со оглед на разгранетиот брег, густата околна шума и преубавата зеленикава боја на езерската вода, постојано се зголемува бројот на авантуристи што сакаат да ја видат оваа затскриена убавина. Некои доаѓаат и заради риболов, бидејќи водата е многу чиста, а акумулацијата богата со риба. Сето тоа, заедно со прекрасниот поглед и чистиот планински воздух, ќе ве опушти и ќе ви ги маѓепса сите сетила, поради што набрзо ќе сакате да дојдете повторно.

**Барски екосистем„Езерце“** се наоѓа на источната страна на градот Пехчево, во долината на Пехчевска Река.Претставува природна бара во која има специфичен растителен и животински свет. Самиот простор околу барата е исполнет со природни убавини поради што е ставен во функција на едукација и рекреација на посетителите. Барскиот екосистем„Езерце“ е уреден со едукативни табли за барскиот биодиверзитет, потоа патеки, видиковци, клупи за одмор и рекреација, опрема за детски игри и други интересни содржини.Површината околу барата е хортикултурно уредена со растенија карактеристични за барскиот екосистем, поставена е платформа за набљудување на барата која може да служи и како отворена училница за едукација на целната група ученици и туристи, а целиот локалитет е осветлен со канделабри. Во непосредна близина на езерцето е авантуристичка патека долга 600 m и зип-линија долга 40 m, во кои можат да уживаат посетителите желни за адреналин. Всушност, ќе имате повеќечасовно неповторливо доживување во овој уникатен едукативен и спортско-забавен туристички комплекс.

**Локалитетот„Јудови Ливади“** е оддалечен 2 km североисточно од Пехчево, во подножјето на Буковик (1723 m), на околу 1100-1200 m надморска височина.Се одликува со единствена флора на терито-





ријата на општина Пехчево и пошироко. Имено, на тресетиштата и влажните ливади на овој простор се развива инсектојадното растение муволовка (Drosera rotundifolia) кое многу ретко се среќава на територијата на Република Македонија, но и на Балканот. Растението се храни со инсекти кои се привлечени од неговата светлоцрвена боја и трепките облеани со капки на слатка и леплива супстанција. Преку исхраната со инсекти,муволовката ги надоместува нитратите и други хранливи соединенија кои не може да ги обезбеди од почвата. Растителните екстракти покажуваат големо антивоспалително и антиспазматично дејство.Покрај муволовката, на локалитетот се присутни значајни растителни заедници со многу ограничено распространување во останатите делови на Република Македонија. Локалитетот„Јудови Ливади" е единствено наоѓалиште во Македонија на реткиот и реликтен вид тврдокрилец Pterostrichus apfelbecki кој има ареал на распространување по влажни живеалишта во Европа и Мала Азија. Вилинските коњчиња се претставени со неколку широко-распространети видови.Присутни се и неколку видови водоземци и влекачи.

До локалитетот Јудови Ливади води солидна пешачка и велосипедска патека која тргнува од Пехчево. Со оглед на малата оддалеченост од градот, ќе ви бидат потребни најмногу половина час за да го посетите локалитетот и да ја видите сета природна раскош во него.

**Патеката на биодиверзитетот во Делчево** е од едукативен карактер, наменета за учениците од Делчево, но и за сите љубопитни посетители на градот. Нејзина цел е да се едуцира населението за важноста на реката Брегалница и нејзините еко системи,особено за флората и фауната која живее долж речниот слив на територијата на општина Делчево. Патеката, која се протега долж коритото на Брегалница низ центарот на градот е долга 520 m.Изградена е од природен камен и одлично вклопена во околниот пејсаж. Покрај неа се поставени  20-тина информативни табли за биолошката разновидност на овој простор и на самата река. Дел од патеката во должина од 200 m е осветлен за ноќни прошетки.



Во составот на патеката има летна училница за 30 ученици, а речиси на целата должина има клупи за одмор, со одличен поглед кон реката и кон градот.

**Рекреативната велосипедска патека „Илин Камен“** е долга 5 km и ги поврзува градот Делчево со локалитетот „Илин Камен“. Излегувајќи од Делчево на околу 600 m надморска височина, патеката првин минува по ридест терен до с.Ѕвегор, а од тука постепено се искачува до 880 m надморска височина кај „Илин Камен“. Според тоа, височинската разлика е 280 метри, што на должина од 5 km значи релатив-



но мал наклон, без нагли успони и спуштања. Затоа е погодна за рекреативен велосипедизам, но и за пешачење во природа. Патеката е поплочена со цврста подлога – бехатон, а има и осветлување, што значи дека може да да се користи и ноќе. На повисоките делови, над с.Ѕвегор има одлични панорамски позиции со поглед кон околните планини, долината на Брегалница и Пијанец.Едноставно, создадена за уживање и релаксација.



**Патеката на билките на планината Голаке** едукативна патека која се наоѓа во највисоките делови на планината Голак, околу врвот Чавка (1536 m). Истата има за цел запознавање, зачувување и правилно искористување на природните вредностите на планината Голак. За таа цел се поставени поголем број информативни табли за шумските и растителни формации со посебен осврт на лековититебилки, со кои се карактеризира планиата Голак. Патеката е долга околу 6 km. Започнува во непосредна близина на вила „Гранит" од каде продолжува покрај спортските терени, старата жичарница, до манастирот „Св.Пантелејмон". Од манастирот се спушта до „Бун чешма", па преку шумските предели на планината Голак води низ предел богат со растителни и животински видови, за потоа повторно да се искачи до вила Гранит. По патеката, за чие поминување се потребни околу 1-2 часа, може да се видат бројни растителни заедници, мешани шуми и разни видови на лековити растенија. Покрај тоа, на неколку места има извонредни видици, така што освен едукативен карактер, патеката е одлична и за рекреација низ овие преубави планински предели. .



**Планинската велосипедска патека Голак** е со вкупна должина од 6800 m и е поставена во највисоките делови на планината. Започнува во непосредна близина на вила „Гранит" од каде продолжува покрај спортските терени и се искачува покрај вила „Фротирка". Од овде продолжува до манастирот „Св.Пантелејмон", каде на еден мал дел поминува по асфалтен пат. Самиот манастир е на 1500 m надморска височина и од него се протега одличен панорамски видик во далечина. Од манастирот „Св. Пантелејмон", патеката се спушта покрај „Бун чешма" и продолжува длабоко по шумските предели на планината Голак.Заобиколувајќи го врвот Чавка (1536 m), патеката продолжува низ предел богат со растителни и животински видови, кој што е дел и од патеката на биодиверзитетот. Планинската велосипедска патека Голак има висинска разлика од 182 m, при што најниската точка е на 1322 m, а највисоката е на 1504 m. Главно минува по макадам, шумски пат, а на помало растојание по локалниот асфалтен пат. Патеката е обележана со информативни табли, мапа и патокази согласно стандардите за планински велосипедски патеки. Со умерено, релаксирано возење, може да се помине за околу половина час.



**Патеката на Петко** на планината Голак е кратка, но живописна пешачка патека со вкупна должина од 1 km. Тоа е едукативна патека, која има за цел да овозможи интерактивно учење за природата и биолошката разновидност во брегалничкиот регион. Поставена е во највисоките делови на планината, на надморска височина од 1375 m до 1400 m, односно висинска разлика од само 25 метри. Главно поминува низ густа шума, со уникатен шумски биодиверзитет. Во првите 300 m, патеката се спушта, потоа води речиси хоризонтално, за на крај пак да се искачи и да се поврзе со стартното место. Попатно се наидува на неколку извори и чешми, со студена и кристално бистра планинска вода. Долж патеката се поставени информативни табли и интерактивни алатки за едукација во природа.Мирисот на шумата, свежиот и чист воздух, бистрата изворска вода, звукот на природата, едноставно ќе ве релаксираат во оние 20-тина минути колку што е потребно да ја поминете патеката. Верувајте, кога ќе ја завршите обиколката, ќе се чувствувате како„нови" (или целосно регенерирани).





**Патеката на Петко и шумските жители** – пехчевска авантура е едукативна пешачка патека наменета главно за ученици, но и заинтересираните вљубеници на природата. Патеката е во функција на подобро запознавање и зачувување на биодиверизитетот на овој простор. Таа почнува од Едукативниот центар во село Негрево, а завршува кај локалитетот „Јудови Ливади", каде вирее инсектојадното растение муволовка. На крајот на патеката има летна училница во природа. Инаку, вкупната должина и изнесува околу 4 km и се поминува за 2 часа. Долж патеката има поставено едукативни табли со информации за карактеристиките на одредени растителни и животински видови од брегалничкиот регион. Преку учењето во природа на сите учесници им се доближуваат теми од биодиверзитетот, животната средина и природата, како и нивна заштита. Минувајќи ја патеката на Петко и шумските жители, не само што ќе уживате во убавата природа, туку ќе дознаете нови и интересни нешта.



**Едукативниот центар за зачувување на природата во Брегалничкиот регион** се наоѓа во с.Негрево, на 1,5 km северно од Пехчево. Истиот е изграден со цел младите од регионот и пошироко да имаат можност директно и практично да се запознаат со природните богатства и биолошката разновидност што ги има во Брегалничкиот регион и реката Брегалница како најзначаен хидрографски ресурс во него.Преку современ и иновативен пристап, може да се научи повеќе за својата околина. За таа цел, едукативниот центар може да се користи за еднодневни наставни екскурзии, за конференции, предавања и научни собири што се однесуваат на природата, нејзиното зачувување и унапредување.Покрај тоа, во едукативниот центар се организираат и реализираат екоакции, екоизложби, едукативни посети и настави во природа на микролокации со специфична биолошка разновидност. Дворот на едукативниот центар е уреден со цел да се користи за едукација на отворено, со неколку целини кои овозможуваат интерактивен пристап во доближувањето на природата кон посетителите. Во самиот објект пак, има библиотека со едукативен материјал. Инаку, селото Негрево е интересно по типичната селска архитектура на овој крај.



**Велосипедска патека** „Убавините на Пехчево на велосипед" е со вкупна должина од 10 km и го поврзува градот Пехчево со трите туристички локалитети „Вртена скала", „Делибови кашчи" и „Јудови Ливади". Овие три локалитети се на јужната падина на фосилната вулканска купа Буковик (1723 m) која се издига високо над Пехчево. „Вртена скала" е позната по специфичната карпа со отвор во средината. „Делибови Кашчи", пак, е кратка пештера за која се верува дека била прибежиште на некој османлиски арамија Дели Ибо, кого локалното население го протерало поради зулумите што ги правел. Локалитетот „Јудови Ливади" е

познат по инсектојадното растение муволовка. Трите локалитети се на 1100-1400 m надморска височина, а на таа височина главно е и велосипедската патека. Поради поставеноста, на дел од патеката има преубав поглед, така што во исто време може да се гледаат градовите Пехчево и Берово, потоа селата Русиново, Владимирово, Мачево, Робово и др. На оваа патека се поставени повеќе едукативни табли кои содржат информации за карактеристиките на одредени растителни и животински видови од брегалничкиот регион. Истата е маркирана, со повеќе патокази, канти за отпадоци, а изготвена е и мапа за олеснето движење. За полесно снаоѓање по оваа, но и другите патеки, Општината Пехчево има 7 обучени локални водичи во природа, кои се секогаш тука за на посетителите да им ги покажат убавините на Пехчево и околината.

**Археолошкиот локалитет „Св. Петка“** се наоѓа на 4 km североисточно од Пехчево, во месноста „Св. Петка“, кај локалното население позната и како „Манастир“. Станува збор за старохристијанска црква со димензии 7 x 13 m, односно за манстирски комплекс со поголеми димензии кој, покрај остатоците од црква градена од камен и вар, вклучува и придружни објекти во функција на манастирското стопанство. Ѕидините од старохристијанската базилика сведочат за животот на монахињите.Според локалните верувања и легенди станувало збор за импозантен комплекс со камбанарија чиј звук се слушал дури во Берово и Царево Село (Делчево). Во 2000 година Министерството за култура на Република Македонија и Македонската Православна Црква обезбедија средства за делумна конзервација на објектот. Неодамна, до локалитетот е изграден асфалтен пат, со што е лесно достапен за посета на туристите. Поради одличната местоположба и височината на која се наоѓа (1045 m), од овде се протега восхитувачки поглед кон Малеш на југ и Пијанец на север.



Текстот го подготви: Д-р. Ивица Милески
Координатор на проектот: Тони Стоименовски
Лектор: Снежана Трајкова

Печатењето на„Пијанец и Малеш пат кон убавина и здравје" е дел од проектот„Одржливо управување со природните ресурси во микро регионот Пијанец-Малеш" спроведен во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија (ПЗП), проект на Швајцарската агенција за развој исоработка кој е координиран од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем.